**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**

Врз основа на одредбите од Законот за здруженија и фондации, Законот за волонтерство и Статутот на Здружението ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ Штип, Претседателот на Здружението го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
За волонтерска работа во ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ

## I Предмет

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите под кои едно лице може да волонтира во Здружението, начинот на избор на лица за волонтирање, програмата за волонтирање и следење на волонтерската работа во Здружението.

### Член 2

Волонтерската работа ќе биде организирана во и надвор од канцелариите на ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ Штип.

### Член 3

Волонтерите работата во Здружението ја извршуваат доброволно и без паричен надомест.

За време на волонтерската програма, Здружението се обврзува да ги надомести патните трошоци на секој волонтер во двете насоки од адресата на живеење/престојување во Штип до канцеларијата на Здружението, и обратно, во висина на месечен автобуски билет.

## II Цел на програмата

### Член 4

Целите на волонтерската програма се:
- Запознавање на волонтерите со работата на Здружението
- Запознавање на волонтерите со основите на административна и координативна работа во рамките на едно здружение ,
- Развивање на чувство за правичност, заштита на работничките и другите човекови права
- Развивање на тимски дух, професионалност и колегијалност
- Стекнување на вештини за пишување на поднесоци и формална комуникација со државни институции
- Стекнување на вештини за комуникација со клиенти
- Стегнување на организациски вештини

## III Волонтерска програма

### Член 5

Волонтерската работа ќе биде организирана во 2 фази и ќе трае не повеќе од 1 година, независно од времетраењето на секоја фаза посебно.

**Фаза 1:** Запознавање со административното работење на Здружението

**Времетраење: 2 недели**
**Одговорно лице за спроведување на програмата:** Административен асистент/Одговорно лице за комуникација и координација
**Активности:** - следење и помош на работата на Административниот асистент/Одговорното лице за комуникација и координација

- Вршење на административна работа на ниво на Здружението
- Запознавање со работата и целите на Здружението, основните принципи и начинот на извршување на работата.
- Асистирање и логистичка помош при организација на настани од страна на Здружението

**Фаза 2:** Работа на проекти (програмски дел)

**Времетраење: 5 месеци. Одговорно лице за спроведување на програмата:** За секој од деловите, одговорен е проектниот координатор кој се бави со соодветна активност. Координаторот е одговорен за спроведување на фазата и должен е да го известува Претседателот доколку волонтерот не се придржува на дадените обврски.
**Активности:** - запознавање со работата на секој од аспектите на работење на Здружението

- Стекнување на практични вештини за комуникација со целни групи и интервју на ранливи категории
- Составување на полномошно
- Состав на краток опис и утврдување на мерки кои треба да се преземат во конкретниот случај
- Стекнување на основни знаења за планирање и навремена имплементација на проекти
- Присуство на обуки и тренинзи наменето за лица ангажирани во Здружението;

Правните мислења остануваат сопственост на Здружението, но волонтерот го задржува моралното право да биде наведен како автор на истото, а менторот да биде наведен како ментор.

**Член 6**

По завршувањето на волонтерската работа, волонтерот добива потврда за извршена волонтерска работа за да му користи во понатамошната кариера.

**IV Начин и критериуми за избор на волонтери**

**Член 7**

Најдоцна 1 месец пред почетокот на волонтерската програма, се објавува Оглас за волонтерска програма. Огласот се објавува на Фејсбук, на страницата на Здружението и други социјални мрежи.

Аплицирањето за волонтерската програма ќе се врши преку е-маил, со доставување на кратка биографија и мотивационо писмо.

Волонтерите ги избира Претседателот и во најкус можен рок по изборот ги запознава со работата на здружението и распоредот на активности согласно волонтерската програма.

**Член 8**

Волонтери во волонтерската програма на Гласен Текстилец можат да бидат млади лица со или без наполнети 18 години, со писмена согласност од родител/старател таму каде лицето е малолетно. Секое младо лице кое е запознато со работата и Статутот, мисијата и визијата на Здружението.

## IV Преодни и завршни одредби

**Член 9**

За се што не е регулирано со овој Правилник, се применуваат Законот за волонтерство, Статутот и интерните акти на Здружението.

**Член 10**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.